* * *

Во заклучок треба да се истакне дека целиот зборник претставува значаен прилог за микенологијата. Некои серии од микенските плочки, како и одделни проблеми во врска со нивната епиграфија и интерпретација, особено од доменот на микенската економија, се така систематски обработени, што во иднина кој и да се зафати со таа материја не може да ги одмине нив. Методолошкиот пристап на сите овде објавени трудови е така издржан што може да послужи како образец за понатамошни иследување на микенските текстови.

6. XI 1989. *П. Хр. Илиевски, Скопје.*

THOMAS G. PALAIMA, *The Scribes of Pylos*, Edizioni dell'Ateneo, Incunabula Graeca vol. LXXXVII, Roma 1988, pp. 288 (132 + 28 figures + 2 concordances + 50 tables of writing system + index verborum Mycenaeorum), 8°.

Повеќе од триесет години специјалистите по микенска епиграфија работат на што поверното издавање на писмените документи — глинените плочки откриени во центрите на микенската цивилизација. За таа цел од посебна важност е идентификацијата на писарите што зеле учество во пишувањето на плочките. Уште во 1958 год., Е. Л. Бенет направи обид за идентификација на ракописите од писарите на пилските плочки (сп. *Tentative Identification of the Hands of the Scribes of the Pylos Tablets*, Atti Pavia, 238—333), а Ж.—П. Оливие во 1967 год. објави систематска студија за писарите од кноскиот архив (в. П. Хр. Илиевски, *ЖА* XVIII, 1, 1968, 148—159). Во 1976 год., Е. Л. Бенет и Ж.—П. Оливие извршија ревизија на поранешните идентификации на пилските писари, (*PTT* II), но ја истакнаа потребата од ново, комплетно истражување на поодделните писари од одвој архив (*PTT* I, 14). Оваа задача под раководство на Е. Л. Бенет ја прифати младиот научник Т. Г. Палаима. Книгава е, всушност, неговата проширена и продлабочена докторска дисертација.

Авторот на оваа монографија си поставил две основни задачи: п р в о, да направи дефинитивна класификација на плочките според писарите и — табели на репрезентативните форми од знаците на секој писар. За исполнувањето на задачата тој го проучувал натписниот материјал на повеќе фотографии од секој текст. Потоа тој и од автопсија ја простудирал секоја плочка во депото на Атинскиот народен музеј, што му овозможило проверка на сите проблематични места. Автопсијата исто така му помогнала и при утврдувањето на физичките особини од плочките — димензиите, формата, бојата, составот и др.; в т о р о, што поцелосно да го реконструира системот на водење евиденција во Пил, исто како што го стори тоа Ж.—П. Оливие за кноскиот административен центар. На Т. Палаима му биле достапни и деталните белешки водени во текот на ископувањата во Пил од Блеген и други археолози, што му овозможиле да го утврди и местото каде што биле најдени плочките во рамките на комплексот на дворецот. Тоа придонело полесно да се разбере како работеле писарите, индивидуално и заеднички, кој предмет го воделе, какви текстови пишувале, каква улога имале во документациониот систем на Пил и каква била нивната меѓусебна интеракција. Врз основа на тоа може да се реконструира организацијата на економскиот живот во дворецот, зашто писарите биле службеници задолжени да водат надзор и евиденција за одделни стопански дејности.

Книгата содржи предговор, увод и четири глави.

1. Во п р в а т а глава, под наслов *Плочки класифицирани според писарите* (pp. 35—113), е извршена детална анализа на плочките што ги напишал секој писар поодделно. Притоа, покрај писарот, Палаима користи неколку критериуми при анализата на текстовите што овој ги пишувал: а) пред секоја

плочка стои знакот S што означува stylus, определлива група плочки што може да му се припише на некој писар и бројот на најрепрезенативната плочка од групата до него; б) физичките особини на плочките; в) местото каде што е најдена плочката; г) предметот што го опфаќа документот; ѓ) форматот, т.е., начинот на кој текстот е сместен на дадена плочка од еден сет, дали тој продолжува со ротација кон лево или кон десно, околу хоризонталната или вертикалната оска, дали соопштението тече во една или две колони, итн; е) специфичниот начин на пишување од секој писар, како и својствените нему формули во споредба со други писари. По обработката на материјалот според горниве критериуми авторот покажува колкава е важноста на секој од нив за целосното разбирање на значењето и улогага на секој од писарите во рамките на системот на водењето евиденција во комплексот на пилскиот дворец. Тој под точка *резиме* ги одбележува најважните особености на секој писар. Така на пр., неминовен е заклучокот дека писарот 1 бил главен писар и администратор во Пил. Плочките што ги пишувал биле најдени во архивскиот комплекс. Тие се дефинитивни документи, збирни извештаи за анагжирањето на некои лица во определена работа, за луѓето на кои им се доделени парцели земја, за принесување жртви, воени документи и др. Поединечни документи од истата проблематика биле пишувани од други писари, а писарот 1 ги препишувал правејќи поголеми, финални документи. Тој исто така бил одговорен за етикетирањето на документите, според предметот од стопанските дејности на кои што тие се однесувале. Тој напишал 5 етикети — најмногу од сите писари. Натаму, писарот 1 не само што ги контролирал информациите од другите писари и ги проверувал нивните текстови, туку ги коригирал и редактирал — додавал по некоја информација, ја реогранизирал дадената итн. Така на пр., се забележува неговата интервенција на текстот пишуван од писарот 21 (Cn 595), или 43 (An 261)

Појавата на главен писар во Пил е единствена во споредба со другите центри на цивилизацијата. Таму нема одговорно лице задолжено за проверка на доследноста на документите.

Писарот 2, пак, бил директно одговорен за евиденција на работата во работилниците и магацините. Негови документи се најдени и во архивскиот комплекс; близок му е на писарот 1, така што е можно да се заклучи дека му бил ученик, или соработник оспособен во истата писарска техника.

Важно место меѓу писарите во Пил зазема и писарот 21, задолжен за евиденција на распределбата од бронза, добитокот, жените што учествувале во производството на текстил или биле ангажирани за домашни работи, за земјопоседничките односи и др. Тој, главно, пишувал поединчени документи, но напишал и еден конечен извештај за распределба на бронза. Првата верзија од овој документ ја напишал писарот 2. Според важноста на документите што ги пишувал, писарот 21 може да се спореди со писарите 2, 4, 12 и 15.

Писарот 41 работел, главно, на документите за закупите од земја во околината на *pa-kī-ja-na*. Тој бил задолжен за прелиминарните верзии на овие документи — сериите Eb и Eo, додека конечните ги водел писарот 1 (Ep и Eo сериите).

Во оваа глава авторот опфаќа 26 писари. Тој дава голем број аргументи што ја потврдуваат централизацијата при водењето евиденција за сите области од стопанскиот живот во дворецот и надвор од него.

Во споредба со *PTT* II, за сметка на писарот 5, чии што плочки Т. Палаима му ги припишува на писарот 1, на бројот од сигурно утврдените 25 писари тој му додава уште една „рака", писарот 91, кој што според палеографските особености им е поблизок на писарите од Кнос, одошто на било кој писар од копното.

2. В т о р а т а глава под наслов *Плочки класифицирани според стилус, групи и класи* (pp. 115—124), ги опфаќа плочките што сигурно претставуваат група, но немаат доволно елементи за да му бидат припишани на некој писар. Тие се претставени преку стилуси распределени во четири *класи*.

а) Во *првата класа* (Ci) спаѓаат документите што по утврдените критериуми се блиски до писарот 1 и нему сличните писари (2, 14 и 15). Тие се презентирани со 4 стилуси и 42 поединечни документи. Во општ коментар се дадени причините за нивното вбројување во оваа класа: блискости во предметот на евидентирање со писарот 1, присуството на негови интервенции на текстовите и др. Општиот впечаток што се добива од овие плочки е дека се пишувани во графичката традиција на писарот 1.

б) Во *втората класа* (Cii), се опфатени седум стилуси со 38 плочки како и 41 плочка надвор од овие посебни стилуси. Сите покажуваат сличности со писарот 21. За четири од седумте стилуси авторот смета дека може да бидат сметани за секундарни раце или писари: S 337, S 1203, S 1217 и S 1219.

в) На *третата класа* (Cii) ѝ припаѓаат 7 стилуси со 25 плочки и уште 45 поединечни плочки. Тие покажуваат сличности со писарот 41. Заради посебни одлики на ракописот, како и заради учеството во прегледувањето на други текстови, S 39 е определен како секундарен писар. Исто така S 632 се смета за секундарен писар.

г) *Четвртата класа* (Civ) би ги опфаќала ракописите блиски на писарот 91. Тука се условно вброени Ua 994 и Xa 1420.

На крајот од втората глава се наброени и плочките кои заради тоа што немаат достатно елементи, не спаѓаат ни во еден стилус или група.

Авторите на *PTT* II сметале дека шест печати (Wr 1325, 1330 — 1334) треба да им се припишат на два посебни стилуса од првата и четвртата класа. За разлика од нив, Т. Палаима утврдил дека сите печати треба да се вбројат во првата класа, зашто според ракописот им се слични на писарите 13 и 15, блиски до писарот 1.

3. Во т р е т а т а глава, *Контексти на плочките најдени надвор од архивскиот комплекс* (стр. 135—169), авторот ги презентира резултатите од обработката на дневниците водени за време на ископувањата во Пил во 1939-тата и од 1952 до 1964 год., со кои раководел Универзитетот од Синсинати. Внимателно водените извештаи овозможиле точно лоцирање на 1112 плочки и еден натпишан фрагмент од ваза. Тие исто така му помогнале на Палаима да направи план на комплексот од палатата во Пил во крајниот период од нејзиното егзистирање, како и други 12 плана на простории во палатата со обележани места на наоѓањето на плочките: собите бр. 5, 6, 20, 23, 32, 38—41, 71—72, 98, 99, 105, Југозападната зграда и област и др. Плановите од просториите, проследени со коментар за видот на документите, садовите, предметите, печатите најдени во нив, се обработени под поодделни наслови за секоја од горенаведените простории. Исто така се именувани и археолозите што ги откриле, заедно со коментарот што го запишале во тетратката во врска со откритието. Наместа авторот има посебно мислење, поткрепено со неговото добро познавање на документите и писарите од Пил.

Посебно интересно во оваа глава е што плочките Xa 1419 и 1420, откриени во југозападната област, се најдени во постар слој на дворецот од подоцнешниот хеладски III А-период. По стилот на пишување тие заедно со плочките Ae 995, Xn 1449 и Ua 994 сочинуваат посебна група, не само за Пил, туку и за цела копнена Грција — пишувани се во кноско-критскиот графички стил.

4. Во ч е т в р т а т а глава, *Системот на водење евиденција во Пил*, авторот ги сумира резултатите од обработениот материјал во претходните три глави.

32 писари напишале 1107 плочки; 81% од плочките (без фрагментарните од сериите Xa и Xn) биле најдени во архивскиот комплекс. Тие се подолги преписи, листи и финални документи од поголема архивска важност: групи од лица: веслачи, воен персонал, жени, момчиња и девојки, документи за земјопоседничките односи, за сточарството, вкупни количини од бронза, злато, обврски за такси и ослободувањеа од нив; индивидуални извештаи за доделување лен, инвентар на колите и колската опрема, детален инвентар на мебел и вази, скапоцени дарови за боговите, асортирани разновидни стоки: зачини,

вино, волна, жито, масло, маслинки, платна и др. За секој предмет имало етикети. Поединечните документи се групирале во сетови, а неколку сета чинеле комплетни досиеја. Етикетите — 19 на број, обезбедувале строга евиденција за системот на складирањето и етикетирањето во обете простории-собите бр. 7 и 8, што го сочинувале архивскиот комплекс.

Наспроти плочките од архивскиот комплекс, плочките во другите простории од дворецот, формирале помали документи. Тие се однесувале на активностите што се одвивале во магацините и работилниците. Така, плочките за маслото се најдени во магацините и подрумите за масло, заедно со садовите за транспорт на маслото; печатите за вино во магацинот за вино, инвентарот на вазите во магацинот за керамички садови, итн. Плочките во магацините и подрумите биле грубо групирани и сместени на клупи или полици, понекогаш заедно со материјалите што ги евидентирале.

13 од 25-те главни писари: 1—4, 12, 13, 15, 21, 26, 34, 41, 43, 44 напишале документи во повеќе од една област во дворецот; најмалку 9 напишале плочки за повеќе од една гранка од стопанските активности на дворецот. Тоа зависело од способноста на писарите да се движат од еден оддел во друг и од еден предмет на друг. Затоа е природно што повеќето од важните документи им биле доверени на рацете од неколку, веројатно поискусни писари: 1, 2, 21, и 41.

Веројатно посебни лица биле задолжени за пренесување на документите од работилниците и магацините во архивскиот комплекс. Плочките биле транспортирани во етикетирани корпи. Во просторијата бр. 7 од архивскиот комплекс плочките биле распакувани, етикетата на корпата била одделувана од неа и заедно со плочките распоредувана според предметот во собата бр. 8 .Таму плочките биле складирани на подолго време.

Во другите помали центри од оваа цивилизација — Микена, Теба, Тиринт, иамало само депозити од плочки — мали сетови што се однесувале или на работата што се вршела во една просторија, или на предметите што се чувале во друга. Таму немало водечки архив за собирање, сумирање и класифицирање на помалите документи.

Во Кнос, од друга страна, имало потесно специјализирани бироа за водење евиденција по гранки од стопанскиот живот на дворецот. Во нив понеискусни писари работеле под надзор на поискусните учители.

Релативно малиот дворец во Пил го овозможил системот на централизирано водење на документацијата.

Од оваа книга зрачи голема педантност, истрајност и доследност. Преку неа авторот ја истакнува нужноста од интердисциплинарност за проучување на микенската цивилизација. Затоа таа е подеднакво значајна за епиграфичарите, археолозите, историчарите, лингвистите и други микенолози.

*Маргарита Бузалковска—Алексова*
*Филозофски факултет,*
*Скопје*

*30. XI 1988*

LE SYSTEME PALATIAL EN ORIENT, EN GRECE ET A ROME, *actes du colloque de Strasbourg* 19—22 jiun 1985, *Travaux du Centre de recherche sur le Proche Orient et la Grèce antique*, 9, E. J. Brill, 1987, 502 str., 4°

Деветтиот Колоквиј на Центарот во Стразбург посветен на проблематиката на Дворецот има цел да го осветли како приватен (резиденција на монархот), јавен (политичка моќ) и економски центар (производство, складирање и дистрибуција на продуктите) во периодот од III-от милениј пред. н.е. до I-от од н.е. Сличностите на Истокот со критско-микенскиот свет се очигледни, но не и со хеленистичкиот и римскиот свет. Сепак компаративниот метод